**Текст објавен во Дневниот економски весник БИЗНИС, 05.03.2007 година**

# 2006 година најуспешна за УНИ*Банка*
## Лидерот на платежни картички со три пати поголема добивка

***Банката лани остварила добивка во износ од 62.392.069 денари исклучиво од оперативното работење, кое доколку се спореди со добивката од 2005 година која изнесуваше 93.740.978 денари, во која од оперативното работење се 20.376.000 денари претставува зголемување на добивката од оперативното работење за повеќе од три пати.***

Изминатата година за УНИ*Банка* беше најуспешна година од нејзиното постоење. Со постојани технички вложувања, обука и едукација на своите врабоетни, ширење на мрежата на бакомати, отварање нови експозитури, зголемување на депозитната база и слично, УНИ*Банка* ја зголеми својата добивка од оперативно работење за повеќе од три пати. Бројките несомнено го потврдуваат сето ова.
Во однос на 2005 година, во 2006 година приходите од камати се зголемени за 80 проценти, приходите од провизии се зголемени за 75 проценти , депозитите од физички и правни лица се зголемени за 80 проценти, пласманите за 77 проценти.

Деновиве ќе биде објавен и Годишниот извештај на УНИ*Банка* за 2006 година, каде што се гледа дека Банката остварила добивка во износ од 62.392.069 денари исклучиво од оперативното работење. Доколку се спореди со добивката од 2005 година која изнесуваше 93.740.978 денари, во која од оперативното работење се 20.376.000 денари , остатокот од добивката е од продажбата на стари побарувања (Бучим), ќе се заклучи дека е постигнато зголемување на добивката од оперативното работење за повеќе од три пати.

УНИ*Банка* е лидер во картичното работење. На тоа укажуваат и следните факти:

- 70.000 издадени платежни картички со чип
- Најголема мрежа на банкомати во Македонија која покрива 50 проценти од вкупната мрежа на банкомати во Македонија
- Банка издавач на картички од двата светски бренда MasterCard и VISA
- Најголем број нови вработувања на млади кадри без работно искуство

Во моментов УНИ*Банка* има 33 експозитури, а во наредниве два месеца ќе бидат отворени уште три до четири нови екпозитури во Македонија.
Карктеристично за УНИ*Банка* е што во текот на годината континуирано инвестира во нова опрема, банкомати, пос терминали, експозитури, лиценци, ИСО стандардизација, едукација на вработените и др. се со цел да се создаде Банка по светски стандарди која ќе ги задоволи барањата како на клиентите, така и на самите вработени.

**Рамка**

УНИ*Банка* на македонскиот банкарски пазар се појави во 2003 година, а нивна карактеристика претставуваат банкарските производи наменети за физички лица.
Во вкупната акционерска структура на банката, доминантни сопственици се двајца странски инвеститори, кои поседуваат повеќе од 75 проценти од акциите. Истите се сопственици и на доминантен пакет од акциите на Прва Инвестициона Банка АД Софија.